ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 99 – 1/2016
Загреб, 22. 10. 2016.

# З А П И С Н И К

од **2. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **22.10.2016 година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Борис Трајановски – Осиек, Благој Штерјов – Загреб, Ангел Митревски – Сплит, Мирјана Мајиќ – Задар, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Гости:** Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, протојереј Кирко Велински, свештеник на МПЦ во РХ, Зорица Велиновска, претседателка на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска" Загреб, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ и Здравко Бодрожиќ од Амбасадата на РМ во РХ.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. Во воведниот говор тој ги поздрави сите присутни и му даде збор на протојереј Велински. Свештеникот честитајќи ја 25-годишнината на ЗМРХ и посакувајќи уште многу успешни години, активности и соработка, повика на заедништво и солидарност во изградбата на Македонската православна црква во Загреб, со апел до членството за доброволни донации. Истото го истакна и Зорица Велиновска, осврнувајќи се на должноста на Македонците во Хрватска да помогнат во изградбата, поединци, фирми и институции, секој како и колку може, за доброто на сите нас. Претседателот Христодулов посочи дека е потребно да се организира состанок на ЗМРХ, советите и претставниците на МНМ во РХ, за решавање на тоа прашање. Ангел Митревски нагласи дека треба да се апелира до локалните и регионалните самоуправи во Хрватска, додека Никола Гроздановски рече дека би било добро да се организира аукција на слики или концерт со донаторски карактер за изградба на црквата.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 1. седница на УО на ЗМРХ;
2. Усвојување на Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ за период од 01.01.-30.09.2016 година со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. Договор за Финансиски план и План и програма на работа за 2017 година од ЗМРХ и друштвата за Јавниот повик за предлагање програми за 2017 година од Советот за националните малцинства на РХ и усвојување на донесените одлуки;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2016 година и усвојување на донесените одлуки;

5. Именување на пописна комисија која ќе спроведе попис на имотната состојба на ЗМРХ за 2016 година и ќе направи записник;
6. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 1. седница на УО на ЗМРХ (прилог).

**Ад. 2.** За Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.09.2016. godine", Петровска рече дека е уредно и навремено изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Таа информираше дека од Советот за националните малцинства на РХ е добиено известување Кварталниот извештај да не им се доставува. Исто така, ги информираше присутните со уште колку средства ЗМРХ располага до крајот на годината и со остварувањето на сите планирани програми, се предвидува дека на жиро сметката за Советот ќе бидат потрошени сите овогодишни средства. За Летниот камп Шолта 2016, се рече дека и оваа година ги надмина добиените средства за околу 2.000,00 кн. За останатите манифестации, освен за Илинден 2016, која е финансиски затворена, се рече дека се останати уште средства кои друштвата треба да ги потрошат со реализација на програмите до крајот на годината. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.09.2016. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** Претседателот Христодулов рече дека Јавниот повик за предлагање програми за 2017 година од Советот за националните малцинства на РХ сè уште не е објавен, но програмите сеедно треба начелно да се договорат. Митревски информираше дека се очекува Јавниот повик да биде објавен во ноември, но секако треба да се обрне внимание и на пријава на проекти од други извори. Тој даде предлог да се организира состанок на кој би го објаснил начинот на пополнувањето пријави. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Се даде предлог-пријава на културни манифестации за 2017 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- „Илинден 1903-2017" во организација со МКД „Илинден" на 29 јули во Горски Котар;
- Изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска" во организација со МКД „Билјана" во мај во Задар;
- „Ден на глаголицата" во организација со МКД „Св. Кирил и Методиј" во мај во Истра;
- „Денови на браќата Миладиновци" во организација со МКД „Браќа Миладиновци" во првата половина на јуни во Осиек и Ѓаково;
- „Рацинов ден – Бели мугри" во организација со МКД „Охридски бисер" на 25 ноември во Самобор;
- „Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј" во организација со МКД „Македонија" во мај во Сплит;
- „Ден на ЗМРХ" во организација на ЗМРХ на 11 ноември во Сплит;
- Трибина „Хрватско-македонски културни поврзници" во организација на ЗМРХ во текот на годината во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула.

Се даде предлог називот на културната манифестација „Денови на македонската култура" која ја реализираат друштвата, да го добие за наставка името на Друштвото, на пример: „Денови на македонската култура – МКД „Илинден".
Се даде предлог-пријава на информирање за 2017 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- „Македонски глас“, 6 броја, 36 страници, сè во боја.

Се даде предлог-пријава на издаваштво за 2017 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- Книга поезија „Ода на љубовта“ од Милена Златеска;
- Книга поезија „Љубов голема“ од Мирјана Мајиќ;
- Да се праша кој би се нафатил да направи монографија за ЗМРХ.

Доколку ќе има од друштвата уште предлог-пријави на издаваштво за 2017 година на ниво на ЗМРХ до Советот, се рече дека се очекува да ги достават веднаш штом ќе биде објавен Јавниот повик.

Не се дава предлог-пријава на создавање на претпоставка за остварување на културна автономија за 2017 година на ниво на ЗМРХ до Советот.

Финансискиот план на ЗМРХ ќе се подготви според податоците на пријавените програми на работа за 2017 година од ЗМРХ и друштвата.

**Ад. 4.** По оваа точка главно се расправаше за програмите Ден на ЗМРХ, Рацинов ден – Бели мугри и Ден на глаголицата. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Се рече дека Денот на ЗМРХ по повод 25-годишнината ќе биде на 30 октомври во 17.00 часот малата сала на КС „Ватрослав Лисински“ во Загреб. Потпретседателот Трајановски рече дека програмата за манифестацијата е комплетирана и дека ќе трае до 2 и пол часа. На почетокот заеднички хор ги пее химните, следуваат поздравните говори и доделувањето на благодарниците, па се продолжува со настап на сите деца со песна. Потоа настапуваат три друштва, па гостите на програмата, Костадинка Велковска и „Езерки“ и уште три друштва. Програмата завршува со заедничко оро. Пробата почнува во 14.00 часот на која треба да бидат присутни сите учесници. Изложбата на етно ракотворби ќе биде заедничка и ќе се постави во фоајето пред салата. Благодарници се доделуваат на сите друштва, на Наталија Лековска, Биљана Митревски, Милена Златеска, Надица Жампера, Марјан Гиговски, Мирјана Мајиќ, вокална етно група „Езерки“, Алкалоид д.о.о. Загреб, Александар Толнауер и на градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ. Претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, рече дека Советот финансиски ќе ја помогне манифестацијата. За Рациновиот ден се рече дека ќе се одржи на 26 ноември во Музејот во Самобор, а претходно ќе се организира трибина. Денот на глаголицата во Истра ќе се одржи од 18-21 ноември, а во Задар ќе се одржи вториот дел од Творештвото на македонски уметници во Хрватска. Книгата на Огнен Бојаџиски ќе се отпечати во ноември. Списанието „Македонски глас“ има уште еден број кој ќе се отпечати до крајот на годината.

**Ад. 5.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се направи попис на имотната состојба на ЗМРХ за 2016 година во декември оваа година;
- За пописната комисија се именуваат: Олга Чичек, Цветко Поповски и Виолета Штерјова (членови на МКД „Охридски бисер“).

**Ад. 6.** Под точката разно, Никола Гроздановски како почесен и доживотен претседател на ЗМРХ, даде примедба дека не бил поканет на Денот на независноста на Р. Македонија кој го организираше Амбасадата на РМ во Загреб, ниту бил поздравен на манифестацијата Илинден 2016 во Голубињак, на што претседателот Христодулов се извини за тој ненамерен пропуст и рече дека нема да се повтори во иднина. Потпретседателот Трајановски информираше за проектот на МКД „Браќа Миладиновци“ во соработка со Заедницата на Хрватите во РМ, за гостување на 21 ноември во Драмскиот театар во Скопје, Македонија, со студентската претстава „Мојот маж поет“ во копродукција на Друштвото и осиечката Уметничка академија, работена според книгата „Мојот маж“ на македонската писателка Румена Бужаровска. Информираше и за гробницата во Ѓаково –

Будровци на загинатите 210 македонски борци во Втората светска војна. Митревски изрази жалење што на последните хрватски парламентарни избори од ЗМРХ немаше иницијатива македонското национално малцинство да предложи свој кандидат за пратеник во Хрватскиот сабор.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.35** часот.

Записничар:
Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов